AGENCY FOR ACCREDITATION OF HEALTH CARE INSTITUTIONS OF SERBIA

SOUTH-EASTERN EUROPE HEALTH NETWORK

# ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА

*По повод* ***Светскиот ден на безбедноста на пациентите за 2023 година, 17 септември 2023 година***

***Здравствената мрежа на Југоисточна Европа*** *(SEEHN) и* ***SEEHN Регионалниот здравствен развоен центар (RHDC) за акредитација и континуирано унапредување на квалитетот на здравствената заштита (ACQI)****,*
*претставувајќи се во еден глас на Националните фокални точки за ACQI*[1] *од 9 (девет) земји-членки на SEEHN - Република Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Израел, Република Молдавија, Црна Гора, Република Северна Македонија, Романија и Република Србија,* ***повикуваат на интегрирани, координирани и идни регионални напори и акции*** *на полето на зајакнување на*
*Безбедноста на пациентот и во согласност со СЗО започна водечка иницијатива т.н* ***: Декада за безбедност на пациентите 2020-2030***

Земајќи ја во предвид резолуцијата 72.6 на Светската здравствена организација (WHA72.6) и Глобалниот акционен план за безбедност на пациентите на Светската здравствена организација 2021-2030 (Глобален акционен план за безбедност на пациенти 2021-2030), земјите-членки на SEEHN заеднички ќе се заложат за да ги остварат преку седум акции .

**Прво**: Зајакнување на **соработката и заедничките иницијативи** на SEEHN со цел да се максимизираат заедничките капацитети за **подобрување на безбедноста на пациентите.**

**Второ**: Подигнување на свеста за **безбедноста на клиничките процеси**, како што се: клинички процедури, лекови кој не би предизвикале штета, превенција и контрола на инфекции и антимикробна отпорност, безбедност на медицински помагала, лекови, крв и вакцини.

**Трето**: Подигнување на свеста кај здравствените работници и општата јавност за **важноста на прашањата за безбедноста на пациентите при обезбедувањето здравствена заштита**

**Четврто**: Зајакнување на **улогата на пациентите и нивните семејства**, како и на здруженијата на патенти во развивањето и спроведувањето на политиките за безбедност на

[1] За Босна и Херцеговина, здравствената заштита е во јурисдикција на Република Српска и Федерацијата Босна и Херцеговина. Затоа, има две фокусни точки во Босна и Херцеговина, една од Република Српска и една од Федерацијата Босна и Херцеговина.

пациентите, а исто така и мерење на подобрувањето при обезбедувањето безбедна здравствена заштита

**Петто**: Давање приоритет на прашањето за безбедноста на пациентите во **креирањето на здравствените политики и во целата институционална рамка** на нашите здравствени системи.

**Шесто**: Зајакнување на постоечките механизми и воспоставување нови **механизми за евидентирање, собирање, известување и анализа на податоци поврзани со безбедноста на пациентите** на сите нивоа на здравствениот систем, во согласност со законската регулатива /прописите за заштита на податоците.

**Седмо**: **Подобрување и зајакнување на знаењата, вештините и компетенциите на здравствените работници** во однос на безбедноста на пациентите преку развивање и спроведување на формални и неформални обуки преку регионална координација.

Препознавајќи ја важноста од обезбедување безбедна здравствена заштита, но и свесни за предизвиците со кои се соочуваат нашите здравствени системи кога станува збор за безбедноста на пациентите, претставниците на Агенциите за квалитет и акредитација на здравствената заштита на земјите-членки на SEEHN се согласуваат дека во наредниот период тие заеднички ќе придонесат за подобрување на безбедноста на пациентите, според „контекстот“ на земјата-членка.

Првата планирана активност ќе биде организирана во ноември 2023 година во Белград. За време на Тркалезната маса за правата на пациентите, **една сесија ќе се однесува на безбедноста на пациентот**. Бидејќи, SEEHN и RHDC за ACQI на HC ги следат иницијативите на СЗО и Акциониот план за безбедност на пациентите, како стратешки приоритет за современата здравствена заштита,а исто така е планирана уште една активност на **Тркалезна маса**, исто така во Белград, **со тема за подигање на безбедноста на патентите** во првиот квартал од 2024 година.